***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 05.08.2025 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци во Домот на пензионери Демир Хисар со почеток во 12 $^{00}$ часот.

Во работата на советот учествуваа 9 (девет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски и Сашо Михајловски присутни во салата и советниците Филип Ангелевски и Данила Давидевска во работата на советот учествуваа со употреба на комуникациски средства- преку мобилен телефон. Отсутни беа советничките Марина Димитријовска и Јасмина Јовановска. На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Претставник од општинската администрација беше Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Решение за разрешување на Училишниот одбор во СОУ,,Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар.
2. Донесување на Решение за именување на членови во Училишниот одбор во СОУ,,Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар – претставници од основачот.
3. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присуство на 7 советници во салата, а потоа ги извести советниците дека двајца советници Даниела Давидевска и Филип Ангелевски во работата на советот ќе учествуваат со употреба на комуникациски средства преку телефон, додека советничките Марина Димитријовска и Јасмина Јовановска не се во можност да учествуваат во работата на советот. Во врска со потребата од свикување на вонредна седница збор зеде градоначалникот Никола Најдовски. Ги извести советниците од страна на Државниот просветен инспекторат стигна допис до општината со препираки односно го задолжува советот без одлагање, а најдоцна до 30 дена да постапи согласно член 93г став 4 од законот за средно образование и да го разреши Училишниот одбор на СОУ Крсте П. Мисирков Демир Хисар. Постапувањето овој акт е неопходно и извршно. Причините за ваквата постапка е пшорати тоа што предходно Државниот просветен инспекторат при извршени контроли контстатирале неправилности и донесле препораки со кои ги задолжиле директорот и училишниот одбор да постапат по тие препораки. Од нивна страна не било постапено со што Државниот просветен инспекторат сега бара советот и градоначалникот да постапат по препораките. Советот има обврска да го разреши училишниот одбори да го извести Државниот просветен инспекторат за постапката. Вкупниот број на членови во училишниот одбор е 12 советот по редовна постапка предлага 3, но согласно член 93 став 4 од законот за средно образование треба да се разреши цел училишен одбор. Поради периодот на годишни одмори дел од советниците не се во можност физики да се присутни во салата, но истите можат да бидат вклучени со употреба на комуникациски средства согласно одлуката, иако добро ќе беше сите советници да се присутни. По изнесеното образложение Претседателот на советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на гласање.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредната седница.Со 9 „за" беше усвоен Дневниот ред, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Решение за разрешување на Училишниот одбор во СОУ,,Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар***

Во врска со Решението за разрешување на Училишниот одбор во СОУ,,Крсте Петков Мисирков" Демир Хисар немаше дискусија. Со 7 „за" и 2 „воздржани" решението беше донесено.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредната седница.Со 9 „за“ беше усвоен Дневниот ред, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Решение за именување на членови во Училишниот одбор во СОУ,,Крсте Петков Мисирков” Демир Хисар – претставници од основачот***

За членови во Училишниот одбор во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар-претставници од основачот беа предложение Ице Ѓорѓиевски од Сопотница, Емануела Талевска од Слепче и Билјана Пејковска од Демир Хисар. Други предлози немаше. Со 7 „за“ и 2 „воздржани„ беше донесено решението.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредната седница.Со 9 „за“ беше усвоен Дневниот ред, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 3. Предлози и прашања***

Во точката предлози и прашања советникот Сашо Михајловски во својата дискусија истакна сериозен е проблемот со езерата во Суводол, состојбата е катастрофална едното езеро е празно, другото е под биолошкиот минимум. Во услови на екстремно високи температури и сува вегетација недај боже да се случи пожар, нема од каде да се полни вода за гаснење. Ова природно богатство е оставено на немилост незнам кој стопанисува со нив, не се води никаква грижа, тоа беше еден добар систем за наводнување на полето сега се оставени така. Да се напиши еден допис до институциите да се преземи нешто. Во дописот нека се опфатат трите езера, и да му се кажи дека не ги одржуваат. Градоначалникот Никола Најдовски објасни со езерата стопанисува „Битолско поле“, забелешката е на место треба да се реагира ќе се напише допис до нив и до Министерството за животна средина се обврза лично да го изнесе проблемот во министерството да се бара начин да се направи нешто. Системот кој е изграден таму е од голема корист за граѓаните, неофицијално системот е оштетен и не се полни езерото. Ќе се испрати допис  ќе се направи се што е во можност да се заштитат. Претседателот на советот Љупчо Најдовски предложи да се земат под надлежност на општината да се формира јавно водостопанско претпријатие и општината да ги има под своја контрола. Градоначалникот Никола Најдовски се согласи како идеја е добро, но дали ќе можи да се дадат во надлежност на општината и треба да се направи студија-анализа дали такво претпријатие ќе биде одржливо. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде водите треба комерцијално да се користат, ако не да се разговара со „Битолско поле“, бидејќи тие стопанистуваат да се грижат повеќе за овие природни богатства. Дискусија повеќе немаше, Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 900/3<br>
27.08 .2025 година<br>
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>
Претседател,<br>
Љупчо Најдовски с.р.